ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 5 ДАТА 28.02.2017 ГОДИНА 35

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 5 ДАТА 28.02.2017 г.

## СОДРЖИНА

- ОДЛУКИ ОД УПРАВЕН ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД СОБРАНИЕТО НА ФФМ
- ПРОПОЗИЦИИ ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ЖЕНСКИ ФУДБАЛ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2016/2017 ГОДИНА

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Управен одбор

Врз основа на член 58 став 4 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 17.02.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се потврдуваат одлуките донесена од Комитетот за итност на ФФМ и тоа:

- Одлуки донесени на седницата одржана на ден 03.02.2017 година:
  - Одлука со деловоден број 0202-282/2
  - Одлука со деловоден број 0202-282/3
- Одлуки донесени на седницата одржана на ден 06.02.2017 година:
  - Одлука со деловоден број 0202-291/2
  - Одлука со деловоден број 0202-291/3
  - Одлука со деловоден број 0202-291/4

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

**Образложение**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 17.02.2017 година ги разгелда одлуките донесени од Комитетот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Илчо Ѓорѓиоски

Управен одбор

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 17.02.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за КУП натпреварување во женски фудбал за натпреварувачката 2016/17 година

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

3. Одлуката и Пропозциците од став 1 да се објават во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 17.02.2017 година ги разгледа предлог Пропозициите за натпреварување во КУП натпреварување во женски фудбал за натпреварувачката 2016/17 година и донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 0302-385/2 18.02 2017 год.

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

Врз основа на член 43 став 1 т.п од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** За членови на Одборот за верификација од редот на делегатите на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија, се назначуваат:

- Ацо Алексовски делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општински Фудбалски Сојуз Прилеп;
- Славе Крстев делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Оӣштински Фудбалски Сојуз Валандово;
- Добре Иванов делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општински Фудбалски Сојуз Кратово;

**2.** Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

**3.** Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година, за членови на Одборот за верификација согласно член 43 став 1 точка п од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, ги назначија Ацо Алексовски делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општински Фудбалски Сојуз Прилеп, Славе Крстев делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општински Фудбалски Сојуз Валандово и Добре Иванов делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од Општински Фудбалски Сојуз Кратово.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-385/8
18.02.2017 год.

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

Врз основа на член 43 став 1 точка ѓ од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собрание на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. **СЕ УСВОЈУВА** Записникот од одржаната седница на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од 5 Март 2016 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година, го разгледаа и усвоија записникот од одржаната седница на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од 5 Март 2016 година.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/8

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-389/9
18.02.2017 год.

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

Врз основа на член 43 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се потврдува Одлуката бр. 0202-253/3 од 30.01.2017 година, донесена од Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, со која е утврдено дека седницата на Редовното генерално изборно собрание на Општинскиот фудбалски сојуз Тетово, одржано на 25.01.2017 година во Тетово е организирана спротивно на Статутот на ОФС Тетово и статутот на ФФМ и дека Одлуките донесени од страна на Редовното генерално изборно собрание на Општинскиот фудбалски сојуз Тетово, одржано на 25.01.2017 година немаат правно дејство и не предизвикуваат правни последици према Фудбалската федерација на Македонија.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година, ја потврдија Одлуката бр. 0202-253/3 од 30.01.2017 година, донесена од Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, со која е утврдено дека седницата на Редовното генерално изборно собрание на Општинскиот фудбалски сојуз Тетово, одржано на 25.01.2017 година во Тетово е организирана спротивно на Статутот на ОФС Тетово и статутот на ФФМ и дека Одлуките донесени од страна на Редовното генерално изборно собрание на Општинскиот фудбалски сојуз Тетово, одржано на 25.01.2017 година немаат правно дејство и не предизвикуваат правни последици према Фудбалската федерација на Македонија.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/9

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0201-389/10
18.02.2017 год.

Врз основа на член 43 став 1 т.ж од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот за работата на Претседателот и Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, како и органите и телата на Фудбалската Федерација на Македонија во периодот од 5 Март 2016 година до 17 Февруари 2017 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година го разгледа извештајот за работата на Претседателот и Управниот одбор за периодот од 5 Март 2016 година до 17 Февруари 2017 година, поднесен од страна на Управниот одбор на ФФМ, по што донесоа одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/10

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-389/11
18.02.2017 год.

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

Врз основа на член 43 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот од Администрацијата на Фудбалската Федерација на Македонија за исполнување на Стратегискиот план на ФФМ 2016-2026, за 2016 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година го разгледа извештајот од Администрацијата на Фудбалската Федерација на Македонија за исполнување на Стратегискиот план на ФФМ 2016-2026, за 2016 година, по што донесоа одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/11

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-389/12
18.02.2017 год.

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

Врз основа на член 43 став 1 точка ѕ од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот од независниот ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи на ФФМ за 2016 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година, го разгледа извештајот и го прифати мислењето на независниот ревизор, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/12

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0201-389/13
18.02 2017 год.

Врз основа на член 43 став 1 точка е од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** завршната сметка на Фудбалската Федерација на Македонија за 2016 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година, ја разгледа Завршната сметка на Фудбалската Федерација на Македонија за 2016 година, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/13

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-385/14
18.02.2017 год.

Врз основа на член 43 став 1 точка и од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** буџетот на Фудбалската Федерација на Македонија за 2017 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.
3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година, на предлог на Управниот одбор на ФФМ го разгледа и усвои буџетот на Фудбалската федерација на Македонија за 2017 година како во предлогот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/14

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0201-385/16-1
18.02.2017 год.

Врз основа на член 43 став 1, вв со член 51 став 2 и член 53 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се избира ИЛЧО ЃОРЃИОСКИ од Скопје роден на ден 11.12.1971 година во Скопје, за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија со мандат од 4 години, односно со мандат од 2017 година до 2021 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ, Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година, едногласно го избраа Илчо Ѓорѓиоски за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија со мандат од 2017 до 2021 година.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/16-1

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 0201-389/16-2
18.02.2017 год.

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

Врз основа на член 43 став 1 точка л, вв со член 51 ст. 1, ст. 3 и ст. 4 и член 53 став 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** За членови на Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија се избираат:

1. **ЗЛАТКО ТАЛЕВСКИ** од ОФС Битола, роден на ден 23.05.1961 година во Битола;
2. **ЛАЗАР РАКИЏИЕВ** од ОФС Велес, роден на ден 02.06.1977 година во Велес;
3. **АРЏЕНТ БЕКИРИ** од ОФС Гостивар, роден на ден 03.04.1975 година во Тетово;
4. **СВЕТОЗАР СТАНКОВСКИ** од ОФС Гази Баба, роден на ден 28.06.1968 во Т'лминци;
5. **БОРЧЕ ЛАЗАРЕВСКИ** од ОФС Куманово, роден на ден 05.02.1966 година во Куманово;
6. **ДОБРЕ ИВАНОВ** од ОФС Кратово, роден на ден 29.01.1952 година во с. Трновац;
7. **МУАМЕД СЕЈДИНИ** од ОФС Кичево, роден на ден 25.11.1969 година во Кичево;
8. **САЛИМ АБДИЉИ** од ОФС Липково, роден на ден 15.04.1966 година во с. Слупчане;
9. **ТОНИ ИВАНОВСКИ** од ОФС Охрид, роден на ден 02.09.1966 година во Охрид;
10. **ДИМИТАР ЏОНОВ** од ОФС Штип, роден на ден 04.01.1965 година во Штип;
11. **МАРЈАНЧО СТОЈКОСКИ** од ОФС Прилеп, роден на ден 07.07.1965 година во Прилеп;
12. **ЏЕВАТ ДИБРАНИ** од ОФС Струга, роден на ден 10.02.1977 година во Струга;
13. **ДЕЈАН ДИМОВСКИ** од ОФС Демир Хисар, роден на ден 23.03.1974 во с. Утово, Демир Хисар;
14. **ГОРАН ГАВРИЛОВ** од ОФС Пробиштип, роден на ден 26.07.1976 година во Штип;

**2.** Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години и тоа од 2017 до 2021 година.

**3.** Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

**4.** Одлуката да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ, Макфудбал.

**О б р а з л о ж е н и е**

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година, по спроведено тајно гласање во прв круг го избраа составот на Управниот одбор на Фудбалска Федерација на Македонија со мандат од 2017-2021 година.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0201-389/16-3
18.02.2017 год.

Врз основа на член 43 став 1 точка л, вв со член 69 став 1 и 2 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** За членови на Надзорен комитет на Фудбалската Федерација на Македонија се избираат:

1. ВАСКО МИТРЕВ – Претседавач,
2. ЕЛЕНА ЦВЕТАНОВА-Заменик Претседавач,
3. ЗОРАН МИТРЕВСКИ - член
4. НИКОЛЧЕ СТОЈАНОВСКИ – член
5. САДИК ВОЛИНА – член

**2.** Мандатот на членовите на Надзорниот комитет трае 4 (четири) години и тоа од 2017 до 2021 година.

**3.** Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

**4.** Одлуката да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ, Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година, го избраа составот на Надзорниот комитет на Фудбалска Федерација на Македонија со мандат од 2017-2021 година.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/16-3

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-389/16-4
18.02.2017 год.

Врз основа на член 43 став 1 точка л, вв со член 61 став 2 ал. 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се избира ЦВЕТАН ТРИФУНОВСКИ од Скопје, за Дисциплински инспектор на Фудбалската Федерација на Македонија.

2. Мандатот на Дисциплинскиот инспектор трае 4 (четири) години и тоа од 2017 до 2021 година.

3. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

4. Одлуката да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ, Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година, го избраа дисциплинскиот инспектор на Фудбалска Федерација на Македонија со мандат од 2017-2021 година.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/16-4

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 0201-385/17 18.02.2017 год.

Врз основа на член 43 став 1 точка а од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, вв со Одлука бр.0201-389/15 со која се врши измена и дополнување на Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 18.02.2017 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** Се овластува Управниот одбор на ФФМ по стапување на сила на измените и дополнувањата на Статутот на ФФМ да донесе одлуки во насока на спроведување на истиот и тоа:

- Назначување на членови на Дисциплинска комисија на Фудбалската Федерација на Македонија;
- Назначување на членови на Комисија за жалби на Фудбалската Федерација на Македонија;
- Назначување на членови на Комисија за лиценцирање на Фудбалската Федерација на Македонија;
- Назначување на членови на Комисијата за жалби за лиценцирање на Фудбалската Федерација на Македонија;
- Назначување на членови на Комисијата за избори и верификација на Фудбалската Федерација на Македонија;
- Назначување на членови на Етички одбор на Фудбалската Федерација на Македонија;
- Да ги повика членките на Фудбалската Федерација на Македонија да доставаат дополнителни кандидати за членови на Управниот одбор кој ги исполнуваат условите согласно Законот за спорт, во случај избраните членови на Управниот одбор да не ги поседуваат стручните квалификации предвидени во Законот за спорт, и да избере дополнителни членови на Управниот одбор.

**2.** Мандатот на сегашните членови на правните органи од став 1 т.1, т.2, т.3, т.4 и т.5 на оваа одлука ќе продолжат со работа до назначување на нови членови, согласно даденото овластување на Управниот одбор на ФФМ.

**3.** Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

**4.** Одлуката да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ, Макфудбал.

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/17

Редовно Генерално Изборно Собрание
18 Февруари 2017 година

# Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 18.02.2017 година, во насока на спроведување на измените и дополнувањата на Статутот на ФФМ, усвоен на седницата на Собранието на 18.02.2017 година а по негово стапување на сила, го овласти Управниот одбор на ФФМ да ги донесе одлуките потребни за непречено одвивање на активностите на Фудбалската Федерација на Македонија, како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Скопје, 18 Февруари 2017 година

Деловоден бр.0201-389/17

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-590/2
18.02.2017 год.

Врз основа на член 52 став 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 18.02.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се избира Муамет Сејдини за потпретседател на Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија.

2. Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на конститутивната седницата одржана на 18.02.2018 година врз основа на член 52 став 1 од Статутот на ФФМ го назначи Муамет Сејдини за потпретседател на ФФМ.

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## ПРОПОЗИЦИИ

ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ЖЕНСКИ ФУДБАЛ ЗА

НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2016/2017 ГОДИНА

Скопје, Февруари 2017 година

Врз основа на член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 17.02.2017 година донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ
## ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ЖЕНСКИ ФУДБАЛ

### Член 1

Фудбалскиот куп во женски фудбал е редовно натпреварување на ФФМ.

Во фудбалскиот куп задолжително учествуваат сите сениорски екипи вклучени во системот за натпреварување во женската фудбалска лига во Фудбалската Федерација на Македонија.

Под фудбалер во рамките на овие Пропозиции се подразбира играч од женски род кој учествува во куп натпреварувањето во женски фудбал.

## Организација на натпревар и службени лица

### Член 2

За организација на натпревар во куп натпреварувањето одговорен е клубот домаќин.

Секој клуб домаќин има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар согласно Правилникот за натпревари на ФФМ и Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

Клубовите учесници во куп натпреварувањето имаат обврска да се грижат за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварот согласно Правилникот за безбедност на ФФМ.

За пропусти во организацијата клубот домаќин одговара согласно одредбите на Правилникот за натпревари , Дисциплинскиот правилник на ФФМ и Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

### Член 3

Комисијата за женски фудбал на ФФМ согласно овластувањата од Управниот Одбор на ФФМ го определува бројот на екипите и го раководи куп натпреварувањето на територијата на Република Македонија.

### Член 4

Службените лица на куп натпреварувањето ги определуваат Комисијата за женски фудбал и Судиската комисија на ФФМ.

Службените лица на финалниот куп натпревар ги определуваат Комисијата за женски фудбал ,Судиската комисија на ФФМ и Управниот одбор на ФФМ.

Правата и обврските на службените лица на натпреварите се утврдени во Правилникот за натпревари на ФФМ и Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

**Член 5**

Клубот за предметниот натпревар одредува службени лица на клубот (претставник, шеф на стручен штаб, тренер, пом.тренер,лекар, физиотерапевт).

Постапувањето и обврските на службените лица на клубот е регулирано во Правилникот за натпревари на ФФМ и Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

## Право на настап

**Член 6**

На куп натпреварите од женски фудбал , фудбалерите го стекнуваат правото на настап согласно Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

**Член 7**

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостинскиот тим е должен бојата на дресови да ја промени.

Гостинската екипа должна е да носи два пара дресови со различна боја. Доколку гостинската екипа не носи два пара дресови или и двете бои на дресовите на одговараат за одигрување на натпреварот, домаќинот е должен на гостинската екипа да и даде на располагање еден пар дресови со различна боја од онаа во која што ќе настапува домашната екипа (во присуство на делегатот на натпреварот)

Дресовите од претходниот став по завршувањето на натпреварот, гостинската екипа е должна да ги врати во онолкав број во кој што ги добила од домашната екипа.

**Член 8**

Секој клуб има право на замена на 5 (пет) фудбалери.

## Прекршоци, дисциплински мерки и право на жалба

**Член 9**

За пропусти, прекршоци и непочитување на обврските поврзани со организација и тек на натпревар за кои е предвидена автоматска казна соодветно се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари и Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

За дисциплинските прекршоци предвидени во Дисциплинскиот правилник како и непочитување на обврските кои произлегуваат од овие и другите поврзани

пропозиции соодветно се применуваат одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

**Член 10**

Во врска со постапката, роковите и правото на жалба се применуваат одредбите од Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

**Член 11**

Добиените жолти картони во текот на куп натпреварувањето се издржуваат само во куп натпреварувањето.

После секоја трета јавна опомена, фудбалерот последователно на наредниот куп натпревар издржува автоматска казна забрана на играње на еден натпревар.

За секоја јавна опомена се плаќа автоматска парична казна.

**Член 12**

Автоматските парични казни се изрекуваат за согласно одредбите на Пропозициите за натпреварување во Првата женска лига.

Фудбалерите кои учествуваат во финалниот куп натпревар имаат право на настап на финалниот куп натпревар независно од бројот на претходно добиените жолти картони.

Добиениот црвен картон важи во првенствените натпревари и во куп натпреварувањето.

**Член 13**

Натпреварувачките парови за куп натпреварите во женскиот фудбал се извлекуваат по пат на ждреб (според Бергеровиот систем) при што извлекувањето на броевите на екипите е по азбучен ред на истите.

Куп натпреварот се игра 2 x 45 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

Натпреварите се играат по еднострук КУП систем односно еден натпревар до полуфинале.

Во случај на идентичен резултат (нерешен) заради добивање на победник се преминува на изведување пенали според упатството на меѓународниот борд за добивање на победник.

**Член 14**

Во полуфиналето се играат два натпревари, на домашен и гостински терен.

Во финалето се пласираат екипите кои имаат подобар резултат постигнат во двата меѓусебно одиграни натпревари.

**Член 15**

Финалниот натпревар е во организација на ФФМ.

Заради утврдување домаќин – гостин по пат на жреб се извлекува натпреварувачкиот пар, извлекувањето на броевите е по азбучен ред на екипите

учесници во финалето. Домаќин е екипата која ќе го извлече натпреварувачкиот број 1.

**Член 16**

Местото на одигрување на финалниот натпревар го одредува ФФМ.

Финалето на купот во женски фудбал за натпреварувачката 2016/2017 година ќе се одигра во месец Мај 2017 година.

Во случај на нерешен резултат се игра продолжение од 2 x 15 минути. Ако и по продолжението, натпреварот заврши нерешено се поминува кон изведување на пенали според упатството на меѓународниот борд за добивање победник.

**Член 17**

Победникот во финалето на купот во женски фудбал го освојува пехарот.

Фудбалерите на двете екипи, стручните штабови, претставниците, судиите и делегатот на финалниот натпревар добиваат соодветни медали од ФФМ.

**Член 18**

За се што не е предвидено со овие Пропозиции ке се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари на ФФМ и останатите правилници и прописи на ФФМ.

Толкување на овие Пропозиции дава УО на ФФМ.

Скопје
17.02.2017

Претседател на ФФМ
Илчо Ѓорѓиоски